Локална установа библиотека
Благој Јанков Мучето
Бр. 01-59/1
24.03 200 25 год
СТРУМИЦА

БИБЛИОТЕКА

*Локална установа библиотека*
*„Благој Јанков Мучето“*
*Ул. Благој Мучето бр. 26 2400 Струмица*
*Тел. 034/349-040, 034/349-042*
*www.bibliotekastrumica.org.mk*
*email: bibliotekastrumica@yahoo.com*

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата на
## ЛОКАЛНА УСТАНОВА БИБЛИОТЕКА
## „БЛАГОЈ ЈАНКОВ МУЧЕТО“ - СТРУМИЦА
## за 2024 година



**Струмица, 2025**

Извештај за работата на Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето” Струмица за 2024 година е законска обврска согласно член 35 од Законот за култура. Финансирањето на дејноста на локалните библиотеки кои се обезбедува на начин и постапка утврдени со закон, библиотеката до Советот на Општина Струмица и до Министерството за култура доставува извештај за работа и финансиски план, според член 14 од Закон за библиотеки и член 13 од Статутот на ЛУБ„Благој Јанков Мучето” - Струмица.

## ***Вовед***

Со извршувањето на програмските задачи во библиотеката се настојуваше успешно да го оствари она кон што се стреми – значаен културен и информативен центар на локалната заедница. Во таа насока се работеше на истражување, набавка, собирање, стручна обработка, заштита, чување, информирање и давање на користење на библиотечниот материјал и редовно се појавуваше како издавач на дела на роднокрајни автори. За да се задоволат потребите од одреден вид библиотечен материјал кон корисници, посебно внимание се посветуваше на комплетирањето на библиотечните фондови преку следењето на издавачката продукција, како и популаризацијата и достапноста на книгата до секого, со цел да се побуди интересот кај потенцијалните корисници за ова културно богатство. Тековните активности на библиотеката, според Програмата, се реализирани во библиотеката во Струмица и во библиотеката клон во с. Муртино. Освен услугите што претставува основна дејност на библиотеката, сé повеќе се наметнува потребата од следење на современите текови во библиотечната работа на глобално ниво. За таа цел, се следеа светските текови во библиотекарството, анализа на потребите на самите корисници, како и презентација на услугите на сите можни нивоа.

Во библиотеката се вршеше континуирана набавка, донација од министерство за култура на нови наслови, донација од автори, започнувајќи од фондот на одделот за деца, преку лектирните изданија и слободна литература, фонд во оддел за возрасни корисници, набавка на лектири за средношколците, сé до белетристиката и публицистиката.

Посебно внимание се посветуваше и на стручната литература и овозможување нејзина употреба за поголем број корисници. Проектот “Автоматизација на библиотеките “ продолжува и тој се спроведува според предвидената динамика. Со негова помош се овозможува премин на целосна дигитална обработка на книжниот фонд со што истиот е поедноставно достапен до сите корисници, независно дали се членови на библиотеката или им е потребна информација за книжниот фонд што го поседува самата библиотека.

Согласно систематизацијата се работните места и одделите кои постојат во библиотеката:

- Оддел за позајмување книги и услуги за возрасни
- Оддел за позајмување книги и услуги за деца
- Оддел за библиотечни процеси
- Оддел за роднокрајна збирка и библиографии
- Оддел за стручна обработка на периоднични публикации
- Оддел за стручна обработка на монографски публикации
- Оддел за деца и возрасни во подрачна единица с. Муртино
- Оддел за популаризација на книгата
- Оддел за издавачка дејност
- Оддел за дигитализација и микрофилмување
- Административна служба
- Помошно-техничка служба

**Вработени во Локална установа библиотека "Благој Јанков Мучето" - Струмица**

| Ред. број | Име и презиме | Квалификација | Работно место |
|---|---|---|---|
| 1 | Денис Мустафов | Информатичар | ДИРЕКТОР<br><br>Виш соработник за информатички работи |
| 2 | Снежана Џорлева | Библиотекар | Оддел за стручна обработка на периодични публикации |
| 3 | Наташа Василевска - Трајчевска | Виш библиотекар | Оддел за деца |
| 4 | Нада Витанова | Самостоен библиотекарски помошник | Оддел за возрасни |
| 5 | Аница Глигорова - Милева | Библиотекар советник | Оддел за стручна обработка на монogravски побликации |
| 6 | Гонца Запрова Анастасова | Виш библиотекар | Оддел за популаризација |
| 7 | Милкица Масева | Библиотекар | Библиотекар во оддел за издавачка дејност |
| 8 | Ани Катранџиева | Библиотекар | Библиотекар во оддел за библиотечни процеси |
| 9 | Весна Заева | Библиотекар | Оддел за деца |
| 10 | Васка Кирова | Библиотекар | Оддел за возрасни |
| 11 | Тони Николов | Библиотекар | Оддел за возрасни и деца во подрачна единица с.Муртино |
| 12 | Емилија Ружинова | Библиотекар | Библиотекар во оддел за дигитализација и микрофилмување |
| 13 | Саветка Глиготова | Правник | Помлад соработник за административни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | општи и правни работи |
| 14 | Тања Гошева | Библиотекар советник | Оддел за роднокрајна збирка и библиографии |
| 15 | Љуба Поп Алексова | ССС | Домакин |
| 16 | Андон Цветанов | ССС | Хаус-мајстор |

ЛУБ “Благој Јанков-Мучето” работи според COBISS програмата.

Упис, пребарување, промена на податоците или на бројот на членската карта, бришење на податоците за членот, пакетно бришење на податоците за неактивни членови,

- Зајмување книжен материјал надвор од библиотека или во читалница и негово враќање, резервација на слободен и зајмен материјал, резервација на книги за користење во читалница, продолжување на рокот за зајмување книга и промена на датумот на истекување.
- Пребарување на материјалот, увид во неговата состојба (дали е слободен или зајмен, податоци за членот кој ја зајмил книгата, рокот на враќање, список на резервации итн.) и внес на забелешки за материјалот,
- Поставување на параметрите на зајмувањето (временски параметри, календар, начин на зајмување, ценовник, ограничување на зајмувањето и други параметри),
- Одвоено водење евиденција на зајмувањето по одделенија и меѓуодделенско зајмување на книгите (за библиотеките за кои зајмувањето е организирано по одделенија),
- Електронско известување на членовите за претстојно изминување на рокот за зајмување, за претстоен прием на опомена, за пристигнат резервиран материјал, изминување на важењето на резервацијата и изминување на членството,
- Поддршка на трајните резервации на сериските публикации,
- Изработка на опомени,
- Систем на финансиско работење со можности за рачно или за програмско евидентирање на побарувања, намирување на побарувањата (готовинско или неготовинско), заклучување на благајна, испис на различни потврди за членовите итн.

## Библиотечни услуги

Уписите во библиотеката во 2024 година и позајмувањата на фондот со којшто располага институцијата се резултат на пакетот услуги што ги нуди библиотеката.

**Пакет на услуги**

- позајмување книги ( од библиотеката и од други библиотеки преку меѓубиблиотечно позајмување );
- позајмување CD и DVD од фондот на библиотеката;
- користење читалница;
- користење детско катче;
- користење Интернет и помош при Интернет пребарување;
- помош при пополнување формулари, испраќање електронска пошта, скенирање документи, печатење и фотокопирање;
- промоции на книги, книжевни настани, саем на книги;
- изложби;
- изнајмување опрема за презентации ( ЛЦД проектор );
- соработка и организирање на различни активности со училиштата, други јавни институции од општината и други општини.

Библиотечниот материјал се позајмува за период од 14 дена, со можност за продолжување од уште 10 дена кога се работи за лектирно издание. CD, DVD дисковите и детските играчки се издаваат на ден. Читателите можеа да извршат продолжување и резервирање на библиотечниот материјал по телефон или преку електронска пошта.

Факт е дека во библиотеката се зачленети деца од предучилишна возраст, лица со попреченост, зачленети се и социјални категории со бесплатен упис.

Исто така, значителен е и интересот на корисниците на другите услуги како што се: годишен упис кога се работи за индивидуален корисник, семеен пакет за две лица, семеен пакет за повеќе од две лица, групен упис за повеќе од десет лица во основните училишта, средните училишта и студенти. Можност за користење стручна литература и весници, како и за сите оние коишто побарале помош при изработка на есеи, дипломски и магистерски трудови и за други потреби поврзани со работата на библиотеката, и меѓубиблиотечна позајмица со други библиотеки.

**Оддел за стручна обработка на монографски публикации**

Во 2024 година во одделот за стручна обработка на монографски публикации се внесени во програмата COBISS3 вкупно 951 наслов или 1.480 библиотечна единица.

Поединечно по оддели: во одделот за возрасни се внесени во програмата COBISS3 803 наслови или 1.183 библиотечни единици, а во одделот за деца 148 наслови или 297 библиотечни единици.

Заради барањата на читателите во подрачната библиотека во Муртино извршен е пренос на 30 библиотечни единици или 9 наслови во COBISS3 од одделот за деца и возрасни во библиотеката во Муртино.

Следење на процесите во системот COBISS3, изнаоѓање на грешки и вршење исправка на истите, за успешност во развојот на библиотечно-информацискиот систем. Дополнување на шифрарниците со податоци, водење статистика за најчитани книги во месецот во одделот за деца и возрасни, водење статистика за најдобар читател во двата оддела, водење евиденција за меѓубиблиотечната позајмица и евиденција за достава на книги со велосипедот – за 2024 година има 20 достави на книги.

**Оддел за стручна обработка на периодични публикации**

Одделот периодика при ЛУБ „Благој Јанков Мучето", Струмица, опфаќа обработка на периодични списанија и публикации, дневен печат и друг книжен материјал. Овој оддел својот фонд го надополнува секој ден, со нови примероци од дневен печат и месечно и годишно со периодични списанија од сите области на општественото живеење.

Минатата година, според податоците, евидентиран е и влез на стручни периодични списанија, кои се добиени како подарок од НУБ „Св. Климент Охридски" од Скопје. Истите се примени, соодветно обработени и сместени на полиците во Периодика.

Во текот на минатата година, не изостана и набавката на дневните печатени весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Слободен печат" и тоа секој ден нов примерок. Треба да се напомене дека дневниот печат, библиотеката го набавува од

сопствени средства и истите се обработуваат и се чуваат во фондот на Периодика, кои според законските прописи, се складираат и чуваат во период од две години.

Изборот на периодичните публикации кои се набавуваат, се врши според барањата на корисниците и потребите на локалната установа , при што се покриваат повеќе области од сверата на општественото живеење. Тоа значи дека се одбираат наслови од различни области и за различни возрасти.

Во Одделот периодика годишно имаме од 50 до 100 наслови периодични, сериски публикации, кои се обработуваат од страна на библиотекар, според библиотечните стандарди ISBN и се внесуваат во меѓународниот електронски каталог COBISS.MK

Тековната работа и снабдувањето на овој оддел со периодични и сериски публикации, за минатата 2024 год. се состои од неколку фази и тоа:

1. набавка на печатени материјали – која опфаќа: а) дневен печат, б) сериски публикации од најразлични општествени и научни области, в) ревии, г) „Службен весник“ и др.,

4. потпечатување на сериските публикации;

5. доделување на соодветен инвентарен број, според единствената номенклатура на сериски публикации ISBD (S), во оперативниот програм COBISS.MK

6. редење на полиците, одредени за публикации и тоа по формат: I, II, III и IV во просториите на оддел Периодика.

7. Изработка на каталог на записи со струмичани, што опфаќа објавени статии со струмичани во печатени дневни медиуми и сериски публикации.

Во 2024 година во програмата COBISS се изработени вкупно 69 наслови на периодични публикации кои се обработени, а бројот на обработени единици е 96. Вкупен број на изработени свески е 402, што подразбира внесување на истите и регистрирање во поле 997 m, во COBIB базата.

Од неделната илустрирана политичка ревија „Фокус“, се регистрираат 51 свеска.

Од минатата година, „Службен весник на РС Македонија“, престанавме да го добиваме во печатена форма, туку само електронски.

Останатите наслови, како што се: „Книжевни елементи“, „Сум“, „Благовест“, „Премин“, „Театарски гласник“, „Современи дијалози“, „Синтези“, „Стожер“, „Флутер“, „Културен живот“ и др. како што пристигнуваат така истите стручно се обработуваат.

Покрај тоа, во одделението на периодика се чуваат и складираат наслови за кои не постои електронски запис во Cobiss.mk, како што се списанијата: „Кула“, „Бизнис форум“, „Ревита“, „Доживејте 100“, „Шадрван“ и други.

**Оддел за роднокрајна збирка и библиографии**

Во 2024 година во ова одделение продолжи со прибираше материјал од роднокрајни автори. Тој книжен материјал не се издава, се чува во библиотеката. Творештво се комплетира, стручно се обработува и се дава на користење на корисниците само во читалницата на библиотеката. Овие наслови се преземени, но и се целосно дополнети со локални податоци во базата COBISS за да може да им бидат достапни на читателите во Струмичката библиотека но и насекаде каде корисникот кој може да пребарува во програмата.

Станува збор за публикуван материјал што според авторството или содржината, му припаѓа на овој оддел. Насловите се обработени според нормативите на СОРД (стандард за организација на роднокрајна дејност) и се внесени во COBISS фонд системот. Во 2024 год се зголеми бројка од 850 книги на 905 наслови. Посебно внимание се посветува на збирката и се настојува постојано да се надополнува, преку комуникации со роднокрајни автори.
Се истражуваше и на збирката на редок библиотечен материјал 593 стари и ретки книги кои ги поседува ЛУБ„Благој Јанков Мучето„Струмица, книги од крајот на 18,19 и 20 век до 1945 година.- монографски публикации, Магистерски и докторски дисертации на роднокрајни автори, кои се подготвуваа за внесување во програмата COBISS, а со тоа овој фонд ќе биде евидентиран. Се работи за книги кои делумно ги има и во некои градови на Република Северна Македонија, но и книги кои ги има само Струмичката библиотека, што е најголемото културно богатство. 2024 год беа истражени 448 наслови од 1814-1938 година.

Во роднокрајниот оддел се наоѓаат и примероци од некнижен библиотечен материјал: покани, постери, каталози, плакати и др.

На facebook беа објавени, истажуваните значајни луге од Струмица и Струмичко под рубрика На денешен ден е роден. Над 450 Биографии на луге од Струмица и струмичко, родени 1885 год до денешен ден. Револуционери, претседател на држава, премиер, министри, пратеници, универзитетски професори, доктори на науки, магистри, владици, специјалисти лекари, адвокати, економисти, уметници, режисери, музичари, спортисти, новинари, автори на книги и многу други значајни професии.кои со своите дела , трудови се истакнале секој во својата дејност..

Посета на деца од градинката Детска Радост, Струмица. Организирање на работилница „БУКВАРЧЕ МОЕ ДРУГАРЧЕ” со роднокрајната авторка Сузана Мицева, на која учествуваа ученици од ООУ од Струмица и читаа од творештвото на авторката.

По повод денот на жената се организира Портрет на роднокрајната авторка Светлана Мазгалоскава Вучетиќ.

14.април традиционално чествување  на делата од роднокрајниот писател за деца Видое Подгорец, изложба на целокупното творештво кое го поседува ЛУБ,,Благој Јанков Мучето” Струмица.

Одржан општински натпревар ,,Млади Библиотекари” кој 21 пат се одржа во библиотеката во Струмица.

Учество со ученици на Републички натпревар ,,Млади Библиотекари”  како член на Комисија на натпреварот на републичко ниво.

Посета на предучилишната установа ,,Виножито “  промоција на списанија за деца со роднокрајната авторка, уредничка на списанието ,,Росица” Ксенија Маказлиева Трајчева.

6 Јуни 2024 год традиционално оджано  СОВЕТУВАЊЕ на тема: ,,БИБЛИОТЕКАТА ТЕМЕЛ НА ПИСМЕНОСТА – со излагање БИБЛИОТЕКАТА ОВОЗМОЖУВА ЗНАЕЊЕ, ОБРАЗОВАНИЕТО Е КЛУЧОТ !

По одобрен проект од Министерство за култура на РМакедонија во 2024 год. излезе од печат  „Биографија на значајни личности од Струмица и струмичко“ монографија зад која  како  издавач стои Локална установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица, собирач и уредник Тања Гошева-советник библиотекар. Тоа е несомнено богатство за струмичани и воопшто за струмичкиот регион. Книгата содржи биографии на над 180 личности кои се докажани во својата фела, а познати по своите дела. Истражувањата направени за нив вредеа да се објават. Личности кои дале допринос како претседател, премиер, револуционери, министри,  градоначалници, адвокати, економисти, правници, лекари, инжењери, уметници, глумци, спортисти ...успешни автори.

Сите кои се истражувани и кои имаат големи значајни остварувања. Вредно за Струмица,  како значењето биографии за граѓани од РС Македонија кои живеат и творат во РС Македонија, но и надвор од државата. Нивната заложба е голема, фактот дека сите тие оставиле и ден-денес оставаат големи значајни трудови како културно наследство. За секој од нив со респект може да се каже само големо БЛАГОДАРИМЕ Истражувањето е со особен белег на сето она за кое ние со децении се залагаме, истражуваме. Да се докаже и увиди вредноста на нашите успешни, пред сѐ личности кои го даваат максимумот од себе. Голем допринос со еден збор врвните успеси кои се постигнати и постигнуваат, а со тоа се дава преубав допринос до сите нив.

Со возвишеност го истражував секој, секој кој вреди да се стави во книгата на успешни, давајќи им можност да се дознае сѐ она кое тие го твореле, работеле, делувале и успевале да ја докажат доблеста дека само со труд и залагање се доаѓа до вистината.

**<u>Оддел за издавачка дејност</u>**

## Извештај (анализа) на сработеното во текот на 2024 година

Општата цел на овој извештај е приложување информации за реализираните активности, континуитет и новини во активностите и ја отсликува работата на одделот за издавачка дејност во сите сегменти на неговата надлежност.

**РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ:**

- Следење на издавачката продукција, унапредување на стручната работа и истражување и информирање на читателите за библиотечните процеси од областа на издаваштвото (локални и светски), согласно со тековните настани од историјата во поглед на објавените литературни дела.
- Издавање публикации со уметничка, научна и образовна содржина во книжен облик и нивна промоција:
  -„Афоризмии" од Димитар Алачки
  - „Групен афористички портрет" од Ацо Ѓорѓиев
  -„Апартман 313" од Рената Атанасова
  - „Биографии на значајни луѓе" од Тања Гошева
  ·Литературно читање по повод конкурсот за 14 февруари со наслов „Виното, љубовта и смислата на животот".
  ·Одржана работилница по повод 8 Март – изработка на честитки користејќи квилинг техника.
  ·Одржана креативна работилница на тема Библиотеката – темел на писменоста и место за учење и истражување со ученици од ООУ „Видое Подгорец".
  ·Одржана работилница на тема „Да го зачуваме македонскиот јазик" со ученици од ООУ „Сандо Масев".
  ·Одржана работилница по повод 24 Мај, Денот на сесловенските просветители со ученици од ООУ „Видое Подгорец".
  ·Учество во Комисија и доделување награди по повод распишаниот конкурс „Користи ја кирилицата".
  -Промоција на романите „Отуѓување", „Беше еднаш во Ваташа" и „Два аманета".
  ·Учество на советување „Библиотеката темел на писменоста" во рамките на манифестацијата „Средби под јаворите" со сопствено излагање.
  - Учество во комисија по повод конкурсот „Да градиме мир".
  - Учество на Меѓународен форум – Размена на идеи за добри практики со излагање.
  - Организација на предавање за Ефектите на лажните вести врз изборите во САД, во соработка со НОВУС, Американското катче од Штип и Амбасадата на САД.

Одржување веб страница на институцијата на социјалните мрежи, со цел афирмирање на издадените дела од странски и македонски автори и поголема инволвираност на читателската публика во културниот процес на библиотеката и иницирање поголема општествена поврзаност.

· Работа на пулт – оддел за деца и возрасни.

**<u>Оддел за дигитализација и микрофилмување</u>**

**РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ:**

·Литературно читање по повод конкурсот за 14 февруари со наслов „Виното, љубовта и смислата на животот“.
·Одржана работилница по повод 8 Март – изработка на честитки користејќи квилинг техника.
·Одржана креативна работилница на тема Библиотеката – темел на писменоста и место за учење и истражување со ученици од ООУ „Видое Подгорец“.
·Одржана работилница на тема „Да го зачуваме македонскиот јазик“ со ученици од ООУ „Сандо Масев“.
·Одржана работилница по повод 24 Мај, Денот на сесловенските просветители со ученици од ООУ „Видое Подгорец“.
·Учество во Комисија и доделување награди по повод распишаниот конкурс „Користи ја кирилицата“.
- Промоција на романите „Отуѓување“, „Беше еднаш во Ваташа“ и „Два аманета“.
·Учество на советување „Библиотеката темел на писменоста“ во рамките на манифестацијата „Средби под јаворите“, со сопствено излагање.
- Учество во комисија по повод конкурсот „Да градиме мир“.
- Учество на Меѓународен форум – Размена на идеи за добри практики со излагање.
- Организација на предавање за Ефектите на лажните вести врз изборите во САД, -Учество на Меѓународна конференција во Дојран – Примена на вештачката интелигенција во библиотеките.

-Работа на пулт – оддел за деца и возрасни.

- Подготовка за дигитализирање на наслови од роднокрајни автори.

- Тековните обврски во одделот за дигитализација и микрофилмување се одвиваат во насока на скенирање на делата „Невидливи облици“, „Зад виножитото“, „Скршнување“, „Манастир во зборот“, „Отмеѓување“ од Иван Василевски, каталог „Светлина“ од Запро Запров.

- По завршеното скенирање на материјалот, се премина на техничко уредување на дигиталните производи со цел објавување на нашата веб страница.

- Книгите во дигитализирана форма може да се најдат и да се прочитаат на https: //bibliotekastrumica.org.mk.

- Изработка на фото записи за нови наслови.

## Годишен извештај за работа возрасни за 2024 година

| | ЈАНУАРИ | ФЕВРУАРИ | МАРТ | АПРИЛ | МАЈ | ЈУНИ | ЈУЛИ | АВГУСТ | СЕПТЕМВРИ | ОКТОМВРИ | НОЕМВРИ | ДЕКЕМВРИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прва година | 22 | 42 | 29 | 15 | 12 | 5 | 5 | 12 | 15 | 15 | 19 | 38 |
| Втора година | 30 | 43 | 16 | 10 | 4 | 3 | 9 | 16 | 27 | 30 | 25 | 4 |
| Трета година | 19 | 26 | 9 | 12 | 2 | 4 | 7 | 2 | 13 | 18 | 13 | 10 |
| Четврта година | 16 | 25 | 24 | 18 | 5 | 5 | 4 | 2 | 3 | 7 | 9 | 3 |
| Студенти | 38 | 52 | 43 | 34 | 31 | 34 | 54 | 53 | 55 | 58 | 42 | 36 |
| Невработени | 50 | 46 | 52 | 46 | 31 | 30 | 38 | 29 | 40 | 41 | 38 | 30 |
| Работници | 82 | 94 | 100 | 96 | 80 | 60 | 72 | 71 | 57 | 54 | 68 | 70 |
| Службеници | 202 | 213 | 238 | 209 | 168 | 160 | 202 | 213 | 225 | 241 | 216 | 200 |
| Пензионери | 175 | 172 | 184 | 196 | 146 | 157 | 174 | 169 | 167 | 160 | 163 | 163 |
| Машки | 77 | 84 | 97 | 77 | 62 | 49 | 70 | 52 | 68 | 85 | 73 | 75 |
| Женски | 556 | 642 | 563 | 562 | 436 | 412 | 500 | 281 | 538 | 544 | 522 | 489 |
| Вкупно читатели | 633 | 726 | 680 | 639 | 498 | 461 | 570 | 333 | 606 | 629 | 595 | 564 |
| Изнајмени книги | 739 | 821 | 751 | 695 | 588 | 550 | 729 | 432 | 741 | 720 | 720 | 651 |
| Уписи | 71 | 49 | 101 | 31 | 23 | 23 | 31 | 39 | 32 | 34 | 58 | 30 |
| Бесплатни уписи | 3 | / | 1 | / | 1 | / | 1 | 1 | 1 | / | 3 | / |

**<u>Годишен извештај за работа деца за 2024 година</u>**

| | ЈАНУАРИ | ФЕВРУАРИ | МАРТ | АПРИЛ | МАЈ | ЈУНИ | ЈУЛИ | АВГУСТ | СЕПТЕМВРИ | ОКТОМВРИ | НОЕМВРИ | ДЕКЕМВРИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Предшколска возраст | 9 | 19 | 14 | 11 | 12 | 9 | 12 | 12 | 6 | 16 | 14 | 9 |
| I одд | 6 | 3 | 6 | 3 | 8 | 15 | 16 | 8 | 8 | 14 | 12 | 12 |
| II одд | 48 | 32 | 18 | 20 | 15 | 13 | 46 | 39 | 30 | 11 | 18 | 16 |
| III одд | 57 | 62 | 30 | 35 | 50 | 48 | 81 | 88 | 55 | 52 | 49 | 38 |
| IV одд | 90 | 80 | 61 | 86 | 61 | 73 | 86 | 105 | 42 | 69 | 74 | 65 |
| V одд | 54 | 64 | 67 | 47 | 70 | 22 | 41 | 58 | 32 | 43 | 60 | 58 |
| VI одд | 51 | 95 | 54 | 56 | 42 | 43 | 77 | 77 | 46 | 47 | 67 | 76 |
| VII одд | 53 | 69 | 53 | 72 | 72 | 22 | 60 | 71 | 42 | 49 | 73 | 72 |
| VIII одд | 26 | 32 | 47 | 37 | 25 | 37 | 44 | 38 | 35 | 30 | 38 | 39 |
| IX одд | 16 | 26 | 32 | 26 | 19 | 3 | 12 | 23 | 20 | 16 | 12 | 23 |
| машки | 191 | 221 | 158 | 177 | 143 | 124 | 191 | 222 | 136 | 141 | 181 | 183 |
| женски | 240 | 261 | 224 | 216 | 231 | 161 | 281 | 300 | 180 | 206 | 236 | 225 |
| Вкупно читатели | 431 | 482 | 382 | 393 | 374 | 285 | 472 | 522 | 316 | 347 | 417 | 408 |
| Изнајмени книги | 323 | 328 | 238 | 245 | 232 | 189 | 420 | 456 | 153 | 250 | 268 | 216 |
| Уписи | 66 | 70 | 31 | 29 | 30 | 37 | 99 | 74 | 24 | 31 | 38 | 24 |
| Бесплатни уписи | 2 | 4 | / | 2 | 3 | 3 | 2 | / | 1 | 1 | 2 | 1 |

**<u>Годишен извештај за работа од оддел за деца за 2024 година, во село Муртино</u>**

| Извештај за 2024 | I одд. | II одд. | III одд. | IV одд. | V одд. | VI одд. | VII одд. | VIII одд. | IX одд. | Машки лица | Женски лица | Возрасни лица | Вкупно книги | Уписи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | | | | | | 43 | 7 | 5 | | 30 | 44 | 21 | 76 | 12 |
| Февруари | | | | | | 19 | 14 | 10 | 4 | 23 | 46 | 22 | 69 | 9 |
| Март | | | | 1 | | 18 | 10 | 10 | 1 | 21 | 32 | 13 | 53 | 3 |
| Април | | | | 4 | | 4 | 12 | 4 | 2 | 19 | 30 | 21 | 47 | |
| Мај | | | | | | 9 | 6 | 2 | | 20 | 19 | 22 | 39 | |
| Јуни | | | | | | 18 | 5 | | 3 | 11 | 15 | | 26 | |
| Јули | | | | 1 | 2 | 1 | 4 | | | 12 | 15 | 19 | 27 | 3 |
| Август | | | | | 1 | | 1 | | 1 | 13 | 19 | 29 | 32 | |
| Септември | | | | | | 3 | 25 | | 2 | 13 | 36 | 19 | 49 | 5 |
| Октомври | | | | | 4 | 10 | 48 | 5 | 14 | 31 | 84 | 35 | 116 | 15 |
| Ноември | | | | | | 31 | 34 | 5 | 2 | 32 | 60 | 20 | 92 | 9 |
| Декември | | 1 | | | 1 | 52 | 4 | 11 | 6 | 53 | 45 | 23 | 98 | 9 |
| Вкупно | | **1** | | **6** | **8** | **208** | **170** | **52** | **35** | **278** | **445** | **244** | **724** | **65** |

Годишен извештај за работа во оддел за деца и возрасни, подружница во село Муртино за 2024 година.

Вкупен број на членови кои ја посетиле подружницата во библиотеката во текот на 2024 година е 65, од кои деца – 52 и возрасни – 13.

Број на посетители по возраст: I одделение – 0; II одделение – 1; III одделение – 0, IV одделение – 6; V одделение – 8; VI одделение – 208; VII одделние – 170; VIII одделние -52; IX одделние – 35 и возрасни – 244 .Вкупно издадени книги: 724.
Вкупно уписи во 2024 год. - 65.

**<u>Популаризација – културни манифестации</u>**

Библиотеките денес ја имаат својата педагошка, социолошка и културолошка димензија. Со содржините тие постојано треба да ја зголемуваат воспитната и информациска компетентност. Оттука, вниманието не е повеќе насочено кон установата, туку кон библиотечните услуги. Устроени така, библиотеките изнаоѓаат нови патишта за да бидат во длабоко заедничко дејствување со потребите на локалната средина, се со цел да допринесат за квалитетот на живеењето и препознатливоста во средината во која дејствуваат.

Популаризацијата на книгата во Библиотеката се остварува преку промоции на книги, средби со писатели, литературни читања, организирани посети на Библиотеката за најмалите, изложби на книги, литературни конкурси, медиумски настапи, претставувања на најнови наслови и издавачки центри и сите други книжевни манифестации и настани во кои центар во етерот е книгата.

Една од највиталните и најпрепознатливите работни позиции во библиотекарството е организирањето на културни манифестации (изложби, предавања, промоции, работилници, итн.), грижа за односот со јавноста (медиумите), како и презентација на активностите на Библиотеката преку социјални мрежи.

**Јануари**

Годината ја започнавме со роденденскиот **Book Club**, што се одржа во просториите на Europe House Струмица. Една година Читателски клуб. Една година исполнета со многу книги, заеднички мигови, разговори, дискусии и дружби. Големата љубов кон книгите ги сплоти членовите и овозможи овој клуб да живее и расте, како и со нетрпение да ја чека секоја наредна средба.

Распишан конкурс на тема „Виното, љубовта и смислата на животот“. Конкурсот е од ревијален карактер, а право на учество имаат ученици од средните училишта и возрасни автори.

**Февруари**

Од 12 до 16 февруари во тренинг-центарот во НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје, го посетував курсот Каталогизација на монографски публикации.

На 16 Февруари се одржа Литературно читање по повод Конкурсот на тема „Виното, љубовта и смислата на животот“.

На 19 февруари се распиша К о н к у р с за литературна творба (поезија и проза) на тема: КАРНЕВАЛСКАТА МАСКА ВО МЕНЕ, по повод Карневалот во Струмица.

**Book Club** Читателски клуб – во февруари се работеше книгата „Засолниште во времето“ од Георги Господинов.

По повод Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, 21 февруари, во просториите на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица, во соработка со Europe House Струмица и основното училишта ООУ „Сандо Масев“ Струмица со наставникот Далибор Плечиќ и учениците од VII одд. одржавме работилница под мотото „Колку јазици човек познава – за толку луѓе вреди“ - на која учениците читаа пораки на својот мајчин јазик (македонски, српски, грчки, хрватски и украински), но и на странски јазици кои ги изучуваат во училиште (англиски, италијански, германски и француски јазик).

**Март**

Во март се доделија наградите за најдобрите творби по повод конкурсот на тема „Маската во мене“.

**Book Club** Читателски клуб – во март се работеше книгата „Пиреј“ од Петре М. Андреевски, а настанот се одржа во кафе Генерација.

**Април**

По повод 2 април, светскиот ден на литературата за деца вработени во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица, на покана од одд. наставник Даниела Митева го посетија ООУ „Никола Вапцаров“ Струмица. Посетата беше работна, со цел децата што повеќе да се запознаат со придобивките од читањето и со значењето на денот.

По повод 2 април, светскиот ден на литературата за деца, вработени во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица, на покана од Јованка Зимбаковска – Ѓорѓиева, одд. наставник 4 одд., Аргир Зимбаков, одд. наставник 5 одд. и Стево Божинов, директор на ООУ „Гоце Делчев“ – Босилово, го посетија училиштето, а посетата беше работна со цел децата, што повеќе, да се запознаат со придобивките од читањето и со значењето на денот.

Посета на првачиња од ООУ „Никола Вапцаров“, Струмица со наставничката Миропа Павлова - Бачева.

Одбележан Денот на планетата Земја. – Со садење семиња за здрава и чиста животна средина. На 19.4.2024 год., во просториите на ООУ„Сандо Масев“, Струмица, библиотекарките Аница Глигорова Милева и Гонца Запрова Анастасова, заедно со наставничките Наталија Дикова и Марија Узунова и учениците од второ и трето одделение го спроведоа првиот дел од работилницата – подготовка на садлив материјал.

ОДРЖАН ОПШТИНСКИОТ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ 2024“. Во просториите на Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ - Струмица се одржа Општински натпревар „Млади библиотекари 2024“.

Europe house Струмица и градската **Библиотека Благој Јанков Мучето Струмица**, на разговор и дискусија na делото "Сон на летната ноќ" - романтична комедија од Вилијам Шекспир.

Втора работилница (садење садливи еколошки картички за здрава и чиста животна средина) по повод Денот на планетата Земја одржана во ООУ „Маршал Тито“ - Струмица, со ученици од V одд. и наставничката Елена Штрклева Милкова.

**Мај**

Учество на стручен собир Ostvarimo potencijale knjižnica со стручен труд „Ranom intervencijom do razvoja rane pismenosti“; Gradska knjižnica "Ivan Goran Kovačič" Karlovac, Hrvatska

На 21 мај во библиотеката „Тане Георгиевски“ во Куманово се одржа републичи натпревар Млади библиотекари.

Награден конкурс кој традиционално го распишува Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица по повод денот на раѓањето на трагично починатиот претседател и наш сограѓанин Борис Трајковски на тема: „ДА ГРАДИМЕ МИР“

Мајски Book Club
Главна тема на разговор и дискусија две прекрасни дела "Луѓенца" и "Заорани" на струмичанката Лилјана Пандева.

Хортикултурни библиотеки - регионална смотра во НУУБ „Св. Климент Охридски“, Битола Трендови во работењето на хортикултурните библиотеки
Аница Глигорова Милева и Гонца Запрова Анастасова, имаа презентација за подготовка на садливи картички од рециклирана хартија, активност, која, всушност, е проект на Библиотеката - одобрен и финансиран од Министерство за култура на РС Македонија – проект „Креативни работилници“.

**Јуни**

Читателскиот клуб и вечер на поезија! Европската куќа заедно со Библиотека Благој Јанков Мучето Струмица, одржаа уште една читателска дружба, но овојпат посебна и збогатена. Со задоволство уживавме во читањето поезија на нашите роднокрајни автори што се етаблирани со нивната поезија на национално, европско и светско ниво.

Специјални гости на вечерта беа Алдо Терминиелло и Марио Де Роза, поети, кои со своето присуство дадоа дополнителен придонес на значењето и убавината на настанот. Ова културно случување ја потврди важноста на поезијата како мост меѓу културите и пријателствата.

Во рамките на Меѓународната литературна манифестација СРЕДБИ ПОД ЈАВОРИТЕ ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ 2024, со поддршка на Просветно дело и Библиотека Благој Јанков Мучето Струмица, во Струмица се одржа Советување на тема: БИБЛИОТЕКАТА ТЕМЕЛ НА ПИСМЕНОСТА,

Библиотека на тркала – „Велосипедот Велко"
Во 2024 година библиотеката „Благој Јанков Мучето" од Струмица, воведе нова иновативна услуга – библиотека на тркала и со тоа се приклучува кон Агендата на ООН 2030 за зелени библиотеки. Со ова услуга библиотеката излегува од своите реални ѕидови и книгата ја носи поблиску до корисниците кои се со инвалидитет, повозрасната популација на граѓани над 65 години и лица со посебни потреби. Идејата е дека книгата треба да стигне до секој...

На ден 20.6.2024 во просториите на ЛУБ „Благој Јанков Мучето" во Струмица беа објавени добитниците по повод распишаниот конкурс „Да градиме мир", посветен на прерано починатиот претседател Борис Трајковски.

**Јули**

Чествување за Народниот херој и патрон на нашата библиотека, Благој Јанков Мучето, по повод 80-годишнината од неговото убиство.

Ново читателско дружење! И оваа година читателскиот клуб беше дел од Струмица Опен Фестивал. Сестрата на Зигмунд Фројд од Гоце Смилевски.

**Август**

Членовите на нашиот читателски клуб, во месец август се работеа книгите „Еврејска работа" од Гринберг, дел од проектот Креативна Европа и „Момчето во пижами на риги".

Освен тековните работи овој месец се подготвувавме за форумот кој се одржа во септември.

**Септември**

Во просториите на Младинскиот центар којшто се наоѓа во зградата на Општина Струмица се одржа Прв ФОРУМ од МЕЃУНАРОДЕН КАРАКТЕР под мотото „Размена на идеи за добри практики“.
ФОРУМОТ е подржан од Министерството за култура и туризам, како Проект од национален интерес од областа на библиотечната дејност за 2024 година и од градоначалникот на Општина Струмица.
Форумот е насочен кон зајакнување на улогата и влијанието на библиотеките во општеството и нивната видливост. Библиотеките отсекогаш се фокусирале на важноста на книгите и промоцијата на читањето како клучен елемент на културата и образованието. Оттука, потребно е да се нагласи важноста на заедницата и соработката на библиотеката со сите чинители во општеството со цел да се создаде силна мрежа на меѓусебна поддршка.
Носители и координатори на проектот се:
м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар советник и
м-р Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар.

Септемвриска читателска дружба, посветена на делото на нобеловецот Томас Ман - „Смрт во Венеција“, во паралела со контроверзниот роман „Лолита“ од Владимир Набоков.

**Октомври**

Денес во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица се одржа работилницата „Учиме брајово и знаково писмо“ со учениците од трето одделение од **ООУ „Никола Вапцаров“ - Струмица,** заедно со учителката Љопче Илиева, а работилницата ја водеа Тони Пајдаковски и Сашо Иљов од Здружението на слепи лица на Општина Велес. (Работилница од проектот Креативни работилници)

Промоција на книги со брајово писмо
Библиотеката „Благој Јанков Мучето“, за 2024 година доби проект подржан од Министерството за култура и туризам, како Проект од национален интерес од областа на библиотечната дејност за набавка на монографски публикации со Брајово писмо и аудиокниги. Со овој проект, Библиотеката изразува силна поддршка за инклузија на лицата со оштетен вид (слепи и слабовидни) во општеството.
Носители и координатори на проектот се: м-р Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар и м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник.

По повод месецот на книгата, во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица се одржа работилница за креативно пишување. Работилницата ја водеше роднокрајниот автор и професор по македонски јазик Далибор Плечиќ со група ученици љубители на книгата и пишаниот збор. Работилницата е дел од проектот „Креативни работилници“,

поддржан од Министерството за култура и туризам, кои се од национален интерес за 2024 година.
Носители и координатори на проектот се: м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник и м-р Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар.

Во просториите на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица се одржа работилница за запознавање со компјутерски компоненти, заштита од злоупотреба на личните податоци, сајбер булинг, друштвени мрежи и игри. Работилницата ја водеше директорот на установата Денис Мустафов со учениците од петто одделение од ООУ „Видое Подгорец“- Струмица, заедно со учителката Надица Ѓорѓиева.
Истата е дел од проектот „Креативни работилници“, подржан од Министерството за култура и туризам, кои се од национален интерес за 2024 година. Носители и координатори на проектот се: м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник и м-р Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар.

По повод месецот на книгата во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица, се одржа работилница за креативно пишување и изразување со ученици од IVб и наставничката Билјана Гошева од ООУ „Сандо Масев“, Струмица.
Работилницата ја водеше роднокрајниот детски автор Киро Донев.
Оваа работилница е дел од проектот „Креативни работилници“, поддржан од Министерството за култура и туризам, проект од национален интерес за 2024 година.
Носители и координатори на проектот се: м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник и м-р Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар.

Креативна работилница „Плетење бележници за книги“ со Ивана (Mama Love Crochet).
Истата е дел од проектот „Креативни работилници“, поддржан од Министерството за култура и туризам, кои се од национален интерес за 2024 година.

Креативна работилница „Во здраво тело, здрав дух – Mens sana in corpora sano“ со тренерот на кошаркарскиот клуб **KK Strumica Roling** Васко Глигоров, кој ни откри зошто е важно да спортуваме и како да се храниме за да бидеме здрави. Истата е дел од проектот „Креативни работилници“, поддржан од Министерството за култура и туризам, кои се од национален интерес за 2024 година.

Креативна работилница: Историја на фотографијата, основи и практики во фотографијата и видеографијата, практичен дел, забавен и квиз дел. Работилницата ја водеше Александар Тимов. Истата е дел од проектот „Креативни работилници“, поддржан од Министерството за култура и туризам, кои се од национален интерес за 2024 година.

По повод „Месецот на книгата“, со цел популаризација на читањето меѓу учениците, Библиотеката ја посетија ученици при **ООУ „Маршал Тито“ Струмица**, со наставничките Елена Штрклева Милкова и Мери Витанова.

Учество на нашите колешки на IV меѓународна регионална конференција, организирана од Регионалната библиотека „Димитар Талев“ - Благоевград.

Учество на национален форум „Библиотеките денес“, кој се одржа во Софија, Република Бугарија.

Во октомврискиот читателски клуб дискутирана беше книгата ,,Прекрасен нов свет", од Олдус Хаксли.

**Ноември**

По повод месецот на книгата, Библиотеката ја посетија ученици од **ООУ Сандо Масев Струмица**, со наставничките Емилија Гоцевска, Василка Јованова и Виолета Спасова.

Ученици од IVб одделение при **ООУ„Видое Подгорец“ Струмица** со наставничката Марија Јанакова Кочева ја посетија Библиотеката, а воедно ја обработија и книгата „Училишен театар“ со роднокрајниот автор Киро Донев.

Во посета на Библиотеката беа другарчињата од ЈОУГД „Детска радост“ (клон 2) Струмица, со нивните воспитувачки и негувателки Елизабета Ангелова, Јасмина Деровска, Катица Манева и Наташа Френкова.

Посета на учениците од трето и петто одделение со наставниците Ирена Ристова Стевкова, Славе Ковачев, Данче Манчева и Зорица Цвејоски од **ООУ „Маршал Тито“ Струмица**.

Ноемвриски читателски клуб - Вечер на афоризми.

Во посета на Библиотеката беа дечињата од групата „МАЛИТЕ ПАЛАВКОВЦИ“, клон 4 со воспитувачките Славица Андреева и Кевица Коцева.

– Промоција на книгата „Апартман 313“ на Рената Атанасова во издание на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица.

Преку креативен и визуелен израз до обработка на лектирата „Касни Порасни“ од Петре М. Андреевски. Прекрасно дружење со учениците од II одд. при ООУ Видое Подгорец со наставничката Емилија Митрова.

**Декември**

Доделување награди по повод распишаниот конкурс за литературни творби посветени на Св. Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици. Доделување награди за најдобри читатели за 2024 година во одделот за возрасни и деца!

Во декемврискиот читателски клуб главна тема на дискусијата беше ремек-делото „Лавр“ од Евгениј Водолазкин, кое со својата длабочина, хуманост и духовност го освои срцето на секој читател.

в.д. директор

Денис Мустафов

Локална установа библиотека
Благој Јанков Мучето
„Струмица“